Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 19.02.2018 година, донесе

ПРОГРАМА
за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2018 година
во Општината Битола

**Јануари:**

- **18 Јануари**, Раѓањето на Даме Груев (18.01.1871)
- **27 Јануари**, Почина Богоја Фотев (1900 - 27.01.1993)
- **30 Јануари** Одбележување на смртта на Павел Шатев (30 Јануари 1951)

**Февруари:**

- **3 Февруари**, Смртта на народниот херој – генералот Васко Карангелевски (03.02.1978)
- **4 Февруари** – Одбележување на раѓањето на Гоце Делчев - 1872 (положување цвеќе на бистата)

**Март:**

- **5 Март** – Одбележување на смртта на Милтон Манаки (1882-1964) (Положување цвеќе на влашките гробишта – Битола)
- **8 Март** – Денот на жената
- **11 Март** – Депортирани се Битолските евреи на 11 Март 1943 (посета на споменикот и положување цвеќе во соработка со Сојуз на борци и Друштвото за македонско - еврејско пријателство)
- **11 Март** – Св. Великомаченик Агатангел Битолски
- **13 Март** Смртта на Димитрие Османли (2006)
- **25 Март** – Отворено читалиштето „Просвештение“ во Битола (25 Март 1881)

**Април:**

- **5 Април** – Смртта на Ѓорги Сугарев и неговата чета на 5 Април 1906 (положување на цвеќе на бистата спроти „Јавор“)
- **22 Април** – Формирање на Битолскиот партизански одред „Пелистер“ на 22 Април 1942 (Општина Битола во соработка со Сојуз на Борци)
- **22 Април** – убиен е македонскиот револуционер Јане Сандански на 22 Април 1915 (Положување цвеќе во соработка со СОУ „Јане Сандански“ - Битола)
- **28 Април** – Во тетовското село Вејце загинаа осум припадници на македонските безбедносни сили на 28 Април 2001 (положување цвеќе во соработка со МВР)
- **1876 – 2018** - 140 Години од изградбата на Џепането, турска барутана (трибина на Општина Битола во соработка со НУ Завод и Музеј Битола за значењето)

**Мај:**

- **1 Мај** – Ден на работникот (Општински синдикален совет)
- **2-6 Мај** – Од 2-6 мај 1903 одржан е Смилевскиот конгрес на кој е донесена одлуката за кревање на Илинденското востание (Одбележување во соработка со „Здружение на граѓани за заштита на ликот и делото на Дамјан Груев“ и НУ Завод и музеј во с. Смилево)
- **3 Мај** – На 3 мај 1942 загинаа Елпида Караманди, Таки Даскало, Димче Хаџи Поповски, Томаки Димитровски, Мара Јосифова, Јоска Јорданоски и Оцка Михајловски (положување цвеќе на бистите на шеталиштето)
- **4 Мај** – На 4 мај 1903 загина Гоце Делчев (положување цвеќе кај спомен куќата) ;
- **5 Мај** – На 5 мај 1894 г формирање на Окружниот комитет на МРО (Совет на Општина Битола)
- **7 Мај** – Денот на Македонската полиција (Општина Битола во соработка со МВР)
- **9 Мај** – Денот на победата над фашизмот - 9 мај 1945 и Ден на Европската Унија (Општина Битола) ;
- **10 Мај** – Денот на освојување на највисокиот врв на светот Монт Еверест од страна на Димитар Илиевски Муратот (Општината во соработка со планинарскиот клуб „Пелистер“) ;
- **12 Мај** – Смртта на Димче Стефановски - режисер и еден од основачите на Битолскиот народен театар.
- **20 Мај** – Формирање на противпожарната служба во Битола - 20 Мај 1836 (Општина Битола во соработка со противпожарната единица) ;
- **20 Мај** – Формирање на Народно-ослободителниот партизански одред Гоце Делчев на 20 мај 1943 (Општина Битола во соработка со Сојуз на борци)
- **23 Мај** – Национален ден на Власите
- **24 Мај** – Денот на Сесловенските просветители „Св. Кирил и Методиј“ (Општина Битола)

**Јуни:**

- **5 Јуни** – Загинаа тројца битолски резервисти од воената полиција на АРМ на 5 Јуни 2001(Положување цвеќе во соработка со МВР и АРМ) ;
- **8 Јуни** – Формирање на Првата Македонска Народноослободителна Ударна Бригада на 8 Јуни 1944 (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- **23 Јуни** – Загина Тодор Ангелевски на 23 Јуни 1943 – Строгов (Општина Битола со основното училиште Тодор Ангелевски)
- **23 Јуни** – Загина Панде Кајзерот на 23 Јуни 1943 (положување цвеќе на бистата на шеталиштето)

## Јули:

- **6 Јули** – Формирање на Битолско - Преспанскиот Партизански одред Дамјан Груев на 6 Јули 1942 (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- **7 јули** – Раѓањето на народниот херој – Генерал Васко Карангелески на 7 јули 1921;
- **14 Јули** – Битката на ножот на 14 Јули 1907 (организирање на посета и положување венец „кај Ножот")
- **26/27 Јули** – смртта на Мирка Гинова на 26/27 Јули 1946 (Положување цвеќе на бистата)
- **23 Јули** – На 23 Јули 1943 загинува Стефче Христовски – Патако (положување цвеќе на бистата на шеталиштето) ;
- **25 Јули** - Смртта на Андреја Чипов - 25 јули 1955 (положување на цвеќе на гробот);
- **26 Јули** – починал Крсте Петков Мисирков на 26 Јули 1926 (положување цвеќе пред бистата кај Саат кулата) ;

## Август:

- **2 Август** – Кренато Илинденското востание 1903 и одржано Првото заседание на АСНОМ во 1944
- **2 Август** – Традиционална семакедонска средба (црква „Успение на Пресвета Богородица" во с. Трново).
- **18 Август** – Ден на АРМ (Општина Битола) ;
- **22 Август** – Формирање на Седмата Македонска (Битолска) Народно-ослободителна ударна бригада на 22 Август 1944 (Општина Битола во соработка со Сојуз на борци) ;
- **29 Август** – Обесен е македонскиот Војвода Александар Турунџев на битолскиот „Ат – пазар" на 29 Август 1905 (Положување цвеќе на бистата)

## Септември:

- **8 Септември** – Денот на осамостојување на Македонија (Општина Битола)
- **8 Септември**– формирање на Народно - ослободителниот партизански одред „Јане Сандански" на 8 Септември 1942 (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- **12 Септември** – Загинува Стеван Наумов Стив на 12 Септември 1942 (Општина Битола положување цвеќе на споменикот на шеталиштето) ;
- **21 септември** – Светски Ден на миротот – организиран собир на плоштадот „Магнолија" во соработка со Општина Битола

## Октомври:

- **6 Октомври** - Формирање на 49 Битолска дивизија на 6 Октомври 1944 (Општина Битола со Сојуз на борци)
- **11 Октомври** – Почеток на Антифашистичкото востание во Македонија на 11 Октомври 1941 (Општина Битола)
- **23 Октомври** – Формирање на Македонската Револуционерна Организација на 23 Октомври 1893 (Општина Битола)
- **28 Октомври** – Роден е Димитар Николовски (Таки Даскало) на 28 Октомври 1921
- **29 Октомври** – На 29 Октомври 1940 починал Димитрија Чуповски (Општина Битола - пригодно предавање)

## Ноември:

- **4 Ноември** – Ослободување на градот Битола на 4 Ноември 1944 (Општина Битола)
- **18 Ноември** – Формирање на Првата Македонско - Егејска Народноослободителна бригада на 18 Ноември 1944 (Општина Битола со Сојуз на борци);
- **28 Ноември** – Убиен е Борис Сарафов на 28 Ноември 1907 (Општина Битола - пригодно предавање)

## Декември:

- **8 Декември** – Денот на „Св. Климент Охридски“ (Општина Битола во соработка со Универзитетот „Свети Климент Охридски“ и НУУБ „Свети Климент Охридски“)
- **18 Декември** – Одбележување на Денот на заштитникот на градот „Св. Нектариј Битолски“
- **23 Декември** – Смртта на Дамјан Груев на 23 Декември 1906 (Општина Битола во соработка со „Здружение на граѓани за заштита на ликот и делото на Дамјан Груев“).